Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 90, 15 октомври 2012 година

октомври 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област/поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/поле туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по мултимедија" од авторите д-р Александра Милева и м-р Доне Стојанов, Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Селекција и семепроизводство" од авторот доц. д-р Драгица Спасова, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 1" од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 2" од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ/ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ И МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-639/5 од 6 септември 2012 година, донесена на 80. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 6 септември 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“ на 25 август 2012 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатите: м-р Марина Илиевска, м-р Александар Величков, Андонија Лешева, д-р Весна Танчева и д-р Мичо Апостолов.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и чл. 125 од Законот за високото образование и чл. 6, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Евалуација на пријавените кандидати:***

**1. Марина Илиевска** е родена на 7 август 1982 година. Дипломирала во 2004 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист на групата Сметководство и резизија, со просечна оценка 7,90. Магистрирала во 2007 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање магистер на економски науки од областа на менаџмент во осигурувањето, со просечна оценка 9,5. Од приложената документација се заклучува дека кандидатката има одлука од Економскиот факултет во Скопје за изработка на докторска дисертација со наслов „Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матичната алгебра”. Има приложено копии од сертификати за посетување обуки од меѓународен карактер на теми: “Business Plan Writing”, “Industry Analysis” и “Marketing Research Methodology” во 2005 година. Истовремено, кандидатката има приложено само список на објавени научни и стручни трудови, без притоа да ги приложи истите. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство во областа на сметководство и ревизија во домашна фирма; во САД во меѓународна корпорација и во Стопанска банка АД Скопје, каде што сè уште ги извршува работните обврски. Посочена е листа на лица за препорака во насока на потврдување на наведените податоци, како и писмо за препорака од универзитетски професор. Кандидатката нема научен степен доктор на науки, па оттука не ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс.

**2. Александар Величков** е роден на 5 јуни 1981 година. Дипломирал во 2005 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнал со звање дипломиран економист на групата Финансиски менаџмент, со просечна оценка 7,35. Магистрирал во 2010 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнал со звање магистер на економски науки од областа на менаџмент во осигурувањето, со просечна оценка 9,63. Од приложеното

свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатот го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатот има работно искуство во САД како студент на сезонска работа, во Халк банка АД Скопје и во Тутунска банка АД Скопје, каде што сè уште ги извршува работните обврски. Истовремено, кандидатот има приложено само список со еден објавен научен и стручен труд, без притоа да ги приложи истиот. Кандидатот нема научен степен доктор на науки, па оттука не ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс.

**3. Андонија Лешева** е родена на 22 јуни 1985 година. Дипломирала во 2008 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист на групата Финансиски менаџмент, со просечна оценка 9,32. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како финансиски известувач во Арцелор Митал - Скопје, а сè уште е на работата позиција стручен соработник за анализа и известување во Тобако АД Скопје. Како придружна документација доставено е писмо за препорака од менаџер на висока позиција. Кандидатката нема научен степен доктор на науки, па оттука не ги исполнува општите услови наведени во објавениот Конкурс.

**4. Весна Танчева** е родена на 21 февруари 1974 година. Дипломирала во 2008 год. на Филолошки факултет „Блаже Конески" во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и се стекнала со звање дипломиран професор по англиски јазик и книжевност, со просечна оценка 6.89. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има завршено и друго формално образование, но за тоа нема приложено соодветна документација. Докторскиот труд на тема „HACCP системот во функција на унапредување на туристичкиот сектор“, го одбранила во 2010 год. на Економски институт во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање доктор на економски науки. Од приложената документација се заклучува дека кандидатката има решение за постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно во Основниот суд во Струмица, издадено од Министерството за правда. Воедно, кандидатката има приложено Изјава од Комисија за верификација на фактите. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како: предавач, наставник, асистент, помлад асистент, регионален координатор, наставник по англиски јазик, туристички агент/заменик менаџер, шеф на кујна, рецепционер и туристички агент. За посочените работни искуства, кандидатката нема приложено документација со која ги докажува. Истовремено, како прилог на биографијата, кандидатката има доставено список со работно искуство во високообразовни институции (Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Факултет за туризам и МИТ Универзитет во Скопје, Академија за гастрономија и Факултет за менаџмент на еколошки и рурален туризам) и притоа е наведен нејзиниот ангажман по академски години, семестри и предмети. За посочениот работен ангажман во високото образование, кандидатката нема приложено соодветна документација со која го докажува наведеното. Доставена е листа за учество на конференции, семинари и проекти, но за истите не е доставена документација со која тоа се потврдува. Приложен е список на објавени трудови, трудови во ракопис пред издавање, како и список за рецензент на книги, но нема доставено документација со која тоа се потврдува. Кандидатката има непотполна документација што укажува на неисполнување на општите услови наведени во објавениот Конкурс.

**5. Мичо Апостолов** е роден на на 28 јуни 1982 година. Дипломирал во 2005 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Во учебната 2005/2006 год. добил стипендија за постдипломски студии на Институтот за европски студии College of Europe Bruges/Natolin, на насоката внатершен пазар. Магистрирал во 2006 год. на тема “Competition Policy on both sides of the Atlantic” Analyses of mergers that were accepted (or refused) in the EC but not in the US” и се стекнува со академски степен магистер на науки по европски студии – внатрешен пазар. Во 2007 год. добил стипендија од Владата на Италија и се запишал на докторски студии на Scuola Superiore Sant'Anna di Studi Universitari e di Perfezionamento (Normale), Институт за менаџмент во Пиза, Италија. Доктирира на истиот институт во 2011 год. на тема „Management of the international

competitiveness of firms, national and regional systems: Analysis of corporate governance and enterprise restructuring in Southeast Europe“ и се стекнува со академски степен доктор по економски науки и менаџмент. Во периодот меѓу 2008 и 2010 година остварил неколку кратки истражувачки работни посети во странство, меѓу кои и на Универзитетот во Калифорнија, Беркли - Haas School of Business, каде што од приложената документација се гледа дека кандидатот има работно искуство во многу домашни и меѓународни проекти. Во текот на 2004/2005 година бил во работниот тим на проекти од World Bank Institute-Corporate Governance Group, каде што се здобил со четири светски признати сертификати во областа на корпоративното управување. Во 2006 год. бил вработен во Владата на Република Македонија во Секретаријатот за европски прашања на преговори за членство на Македонија во Европската унија. За време на престојот на Институтот во Италија бил вработен како истражувач во MAIN Laboratory (Management & Innovazione). Истовремено, кандидатот е член на неколку меѓународни асоцијации, мрежи и алумни клубови. Од 2011 год. до денес е ангажиран како насловен доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” по група предмети од областа на економски науки и менаџмент. Од 2012 год. е ангажиран во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија. Од приложената документација се заклучува дека кандидатот студирал на неколку странски јазици (англиски, француски и италијански јазик), што укажува на нивно одлично познавање.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На Факултетот за туризам и бизнис логистика, како насловен доцент во текот на академската 2011/2012 година, на студиската програма Бизнис логистика во Гевгелија и во Скопје, реализирал настава по следниве предмети: Логистички менаџмент (2+2+2), Бизнис логистика (2+2+2), Информациони системи и логистика (2+2+2) и Финансиски инвестиционен менаџмент (2+2+2). Добиените теоретски сознанија, кадидатот д-р Мичо Апостолов ги има применето во научноистражувачка дејност, при што е автор/коавтор на научни трудови, стручни трудови и работни трудови објавени во специјализирани списанија. Добиените резултати од своите истражувања, кандидатот ги има прикажано пред меѓународната и домашната јавност на повеќе научни конференции и стручни собири. Од приложената документација се гледа дека поширокиот интерес на кандидатот е од областа на менаџментот, економските науки и европската економија, додека потесниот научен интерес ги покрива областите на корпоративно управување, реструктурирање на компании и бордови на директори, како и европскиот внатрешен пазар. Од доставените материјали јасно се гледа дека кандидатот има покажано завиден интерес за научна и стручна работа. За тоа говорат списокот на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и списокот на објавени трудови, кои се поткрепени со приложена документација.

***Сертификати и награди***

- World Bank Institute-Corporate Governance Group, “Corporate Responsibility in Asia & the Pacific” 18.04.2005 - 01.05.2005.
- World Bank Institute-Corporate Governance Group, “Responsible Challenges for the Oil/ Gas Sector - CR Framework” 01.03.2005 – 16.04.2005.
- World Bank Institute-Corporate Governance Group, “How CR Contributes Towards the Competitiveness of Europe in a More Sustainable World” 20.09.2004-15.10.2004.
- World Bank Institute-Corporate Governance Group, “Defining Roles for Youth and the Next Generation of Leaders” 09.02.2004-27.02.2004.
- Scuola Superiore Sant’Anna,Pisa, Italy, 2008-2011 PhD Scholar i.e. Italian Government Non-EU Doctoral Scholarship.
- College of Europe ( King Baudouin Fondation)  2005-2006 Scholar
- College of Europe, Bruges/Natolin, Belgium / Poland.
- IFC - World Bank Group (SEED) & WUS Austria (World University Service) Scholar Balkan Case Challenge 2004/2005.

***Учество на конференции, семинари и студиски престои***

- Октомври 2007: International Monetary Fund (IMF), Vienna, Austria (at Joint Vienna Institute in cooperation with the Stability Pact for South Eastern Europe): Seminar on Macroeconomic Policy.
- Септември 2007: European Parliament, EPP-ED Group, 10 rue du commerce, Brussels: Seminar on European Political Economy.
- Април 2006: EMU and the new Member States - Sussex European Institute.
- Март 2006: Corporate Responsibility - Baker & McKenzie.
- Февриари 2006: The Bolkestein case – Bruegel, Brussels.
- Мај 2005: WUS Austria, Vienna & Sarajevo Graduate School of Business.
- Јануари 2005: Academic Training Association – Netherlands.
- BASEES Annual Conference 2011, University of Cambridge, UK (Fellowship awarded by BASEES).
- Joint PhD Symposium on South East Europe (LSE, UCL and Goldsmiths) at LSE: London School of Economics and Political Science, London, UK.
- Number of conferences at University of California, Berkeley – Haas School of Business 2009/2010.
- 2nd International Conference on Economies of Central and Eastern Europe: Convergence, Opportunities and Challenges organised by the Society for the Study of Emerging Markets (USA) at Tallinn School of Economics and Business Administration - Tallinn University of Technology, Tallinn, Estonia.
- Economic trends, social trajectories and policies of identities in post-communist capitalism”, EBRD / ETUI / EurActiv Conference in Bratislava, Slovakia.
- Студиски престој во Брисел 5.3-20.3.2006 г.
- Студиски престој во Украина 23.10-29.10.2005 г.

***Членство во владини тела***

- Европска комисија – Македонија, коорганизатор на Поткомитетот за транспорт, екологија, енергетика и регионален развој, 2006-2007.
- Европска комисија – Македонија, коорганизатор на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување, 2006-2007.
- Кабинет на претседателот на Владата на Република Македонија, 2012-денес.

***Објавени книги и делови од книги***

- “Corporate Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe: Focus on Macedonia”, LAP - LAMBERT Academic Publishing, Germany, 2012.
- “Competition Policy on both sides of the Atlantic” Analyses of mergers that were accepted (or refused) in the EC but not in the US”, LAP - LAMBERT Academic Publishing, 2010.
- Chapter 8-Competition Policy and Market Regulation ‘M1069, WORLDCOM/MCI” in “Telecommunications: Regulatory Concerns”, Institute of Chartered Financial Analysts of India (ICFAI) University Press, India, 2010 (pp. 163-179).

***Научни трудови, стручни трудови и работни трудови***

- Apostolov, M., 2012. Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe – gross domestic product and foreign direct investments. Corporate Governance: The International Journal of Business in Society, 13(3). (accepted-forthcoming). Според SCImago 2-годишен IF: 0.584.
- Apostolov, M., 2011. Governance and Enterprise Restructuring: The Case of Macedonia. Transition Studies Review, 18(2): 299-309. Според SCImago 2-годишен IF: 0.187.
- Apostolov, M., 2011. Corporate Governance in Macedonia - Micro and Macro Analysis. Risk Governance and Control - Financial Markets and Institutions, 1(1): 124-134.
- Apostolov, M., 2010. Governance and Enterprise Restructuring in Southeast Europe. London School of Economics and Political Science Symposium, 2010. Published at London School of Economics and Political Science (LSE), London, UK.

– Apostolov, M., 2010. Attributes to corporate governance and enterprise restructuring in Macedonia. CEA Journal of Economics, 5(2): 5-17.
– Мичо Апостолов, 2008 „Оптимални валутни области и асиметрични шокови” стр. 22-29, во ГЛОБАЛ (2 издание), јануари 2008, ОХРИД институт - Институт за економски стратегии и меѓународни односи, Скопје, Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Мичо Апостолов ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за да биде избран за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот има соодветно образование, многубројни признанија и се афирмирал преку научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство. Истовремено, кандидатот има искуство во научно-образовната дејност како насловен доцент во текот на академската 2011/2012 год. по група предмети од економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да го избере д-р Мичо Апостолов за наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област/поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајко Мицески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска, доцент, с.р.**
**Д-р Никола Димитров, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мичо Апостолов, доктор по економски науки и менаџмент, според критериумите за избор во знање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| Наставно-образовна дејност | | | | |
| 1. | - Логистички менаџмент (2+2+2),<br>- Бизнис логистика (2+2+2),<br>- Информациони системи и логистика (2+2+2)<br>- Финансиски инвестиционен менаџмент (2+2+2). | 8*1,5 | | 12 |
| | Вкупно: | **12** | | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга<br>- Точки: 4.1 и 4.2 | | 2*15 | 30 |
| 2. | Дел од монографија или научна книга<br>- Точка 4.3 | | 1*10 | 10 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>- Точки: 5.1 и 5.2<br>- Точки: 5.3, 5.4 и 5.5. | 2*9=18 (СЦИ)<br>3*3=9 (Останати) | | 27 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат<br>- Точки: 2.1, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5, 2.6, 2.7, 2.8, 2.9, 2.10, 2.11 и 2.12 | | 12*2 | 24 |
| 10. | Одбранета докторска теза | | 8 | 8 |
| 11. | Одбранета магистерска работа | | 4 | 4 |
| 22. | Студиски престој во странство<br>- Точки: 2.13 и 2.14 | | 2*8 | 16 |
| | Вкупно: | **119** | | |

| Ред. број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | | |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>- Точка 5.6 | 1*2 | | 2 |
| 19. | Стручни награди и признанија<br>- Точки: 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6 и 1.7 | | 7*8=56 | 56 |
| 27. | Член на владини тела<br>- Точки: 3.1, 3.2 и 3.3 | 3*5=10 | | 15 |
| | Вкупно: | **73** | | |
| | **Вкупно:** | **204** | | |